Врз основа на член 48 став 1 точка 2 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21 и 74/24) и точка 13 од Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар („Службен весник на Република Македонија" бр. 186/13 и 74/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 146/20 и 53/24), гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**УПАТСТВО**
**за изменување и дополнување на Упатството за спроведување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар**

1. Во точка 6 став 1 од Упатството за спроведување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/14, 83/15 и 225/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 116/19, 110/20 и 71/23), во алинејата 7, точката на крајот од реченицата се заменува со точка запирка и се додава нова алинеја 8 којашто гласи:

„– прилогот бр. 8 – Шифри за намената на кредитите на правните лица, трговците на мало, банките, небанкарските финансиски институции и другите клиенти."

Ставот 2 се менува и гласи: „Прилозите од ставот 1 на оваа точка се составен дел на ова упатство".

2. Точката 8 се менува и гласи:

„Банките или штедилниците можат да ги користат следниве агрегирани податоци и информации од Кредитниот регистар:

- назив на правното лице, односно име и презиме на физичкото лице;
- вкупен износ и структура на кредитната изложеност на сите банки и штедилници кон одделен клиент;
- вкупен број на банките и штедилниците коишто се изложени на кредитен ризик од одделен клиент;
- вкупен број на кредитните партии;
- вкупен износ на извршената исправка на вредноста, односно издвоената посебна резерва на сите банки и штедилници за одделен клиент;
- податоци за обезбедувањето;
- вкупен износ на реструктурираните кредити;
- максимален број на деновите на доцнење во исполнувањето на обврските и соодветен износ;

- вкупен износ на изложеноста за која е жирант (доколку клиентот е жирант) на датумот за којшто се известува;
- намена на изложеноста кон клиентот физичко лице;
- вкупен износ на пријавените отпишани побарувања;
- износ на ануитетите;
- износ на кредитите обезбедени со депозит;
- најнов податок за висината на показателот ДСТИ и ТДТИ и/или ЛТВ, вклучително и датумот на пресметката;
- број на кокредитобаратели;
- податоци за намената, видот на обезбедувањето, вкупната изложеност и датумот на првото одобрување во согласност со ова упатство на секоја кредитна партија на физичко лице обезбедена со недвижност според шифрите на обезбедување од 006 до 011 во согласност со прилогот бр. 4 – Шифри за видот на обезбедувањето од ова упатство);
- други податоци и информации.‟

3. Прилогот бр. 1 – Листа на влезните податоци, се заменува со нов „прилог бр. 1 – Листа на влезните податоци‟, којшто е составен дел на ова упатство.

4. По прилогот бр. 7 – Известување за корекцијата, се додава нов прилог бр. 8 – Шифри за намената на кредитите на правните лица, трговците на мало, банките, небанкарските финансиски институции и другите клиенти, којшто е составен дел на ова упатство.

5. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија‟, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2025 година.

| | |
|---|---|
| **У бр. 02-27220/1** | **Гувернер** |
| **24 јули 2024 година** | **д-р Анита Ангеловска-Бежоска** |
| **Скопје** | |

**Прилог бр. 1**
Листа на влезните податоци

| Р. бр. | Назив на полето | Опис на полето | Задолжително внесување |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Тип | **Код на типот „клиент“:**<br><br>01 – правно лице. Се внесува секое правно лице.<br><br>02 – физичко лице*.<br>Се внесува секое физичко лице.<br><br>03 – население**.<br>Се внесува збирниот износ на сите кредитни партии на физичките лица под лимитот пропишан со Одлуката, поделен според категоријата на ризик, валутата, намената и видот на исправката на вредноста/посебната резерва.<br><br>04 – правни лица**.<br>Се внесува збирниот износ на сите кредитни партии на правните лица и на другите клиенти (08), под лимитот пропишан со Одлуката, поделен според категоријата на ризик, валутата, претежната дејност, намената на кредитната партија според прилогот бр. 8 од ова упатство и видот на исправката на вредноста/посебната резерва.<br><br>05 – трговци на мало**.<br>Се внесува збирниот износ на сите кредитни партии на трговците на мало, под лимитот пропишан со Одлуката, поделен според категоријата на ризик, валутата, шифрата за трговец на мало според прилогот бр. 2 од ова упатство, намената на кредитната партија според прилогот бр. 8 од ова упатство и видот на исправката на вредноста/посебната резерва.<br><br>06 – банки. Се внесува секоја банка.<br><br>07 – небанкарски финансиски институции. Се внесува секоја небанкарска финансиска институција. | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 08 – други клиенти (упатна литература: Водич за класификација според институционалните сектори: централна влада, локална самоуправа, фондови за социјално осигурување, непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата).<br><br>09 – трговци на мало. Се внесува секое лице*.<br>---<br>* Едно исто лице може да биде пријавено и како физичко лице и како трговец на мало, во зависност од тоа дали кредитот го користи како физичко лице или за деловна активност.<br>** Забелешка: Вкупниот износ за типовите 03 – население, 04 – правни лица и 05 – трговци на мало не треба да надмине 5% од вкупната кредитна изложеност. | |
| 2 | Рез | **Код за резидентот (Р) / нерезидентот (Н)** | Да |
| 3 | Код | **Код за уникатната идентификација во РМ:**<br><br>Матичен број: за правно лице резидент и за трговец на мало.<br><br>ЕМБГ: за физичко лице резидент.<br><br>'0000000000001' за збирен износ „население".<br><br>'0000000xxxxx2' за збирен износ „правни лица" (xxxxx е претежна дејност на групата; пример, за „пдејност" = 02 се внесува '0000000020002').<br><br>'0000000000003'- за збирен износ „трговци на мало".<br><br>Код за правно лице нерезидент. Постапка за внесување на кодот: код на државата (2 знака) + единствен матичен број (ИД) во матичната држава (без специјални знаци); пример: ИТ4064488.<br><br>Код за физичко лице нерезидент. Постапка за внесување на кодот: код на државата (2 знака) + број на пасош (без специјални знаци); пример: ИТ235617Г8. | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Код за странски банки. Постапка за внесување на кодот: код на државата (2 знака) + код СВИФТ на странската банка. | |
| 4 | Данбр | **Даночен број** за правни лица резиденти. | Само за типовите = 01, 06, 07, 08 и 09. |
| 5 | Назив | **Назив** на правното лице. | Да, освен за типот = 02. За типот = 09 ова поле се пополнува само за трговците поединци со регистрирана дејност. За типовите = 03, 04 и 05 се внесува опис (население, правни лица, трговци на мало). |
| 5-а | Големина | **Големина** на правното лице утврдена во согласност со закон:<br>Г – големо;<br>С – средно;<br>М – мало;<br>З – микро. | Само за типовите = 01 и 09. |
| 6 | Име | **Име** на физичкото лице. | Само за типовите = 02 и 09. |
| 7 | Презиме | **Презиме** на физичкото лице. | Само за типовите = 02 и 09. |
| 8 | Град | **Општина** во согласност со прилогот бр. 5. | Само за резиденти. За типовите = 03, 04 и 05 ова поле не се пополнува. |
| 9 | Дрзава | **Држава** | Да |
| 10 | пдејност | **Претежна дејност** кај правни лица (се внесува најмалку четирицифрена шифра на дејноста во согласност со Одлуката за донесување на националната класификација на дејностите – НКД Рев. 2.1). | Само за типовите = 01, 04, 06, 07 и 08. |
| 11-1 | брКП | **Број на кредитната партија**, секоја банка го прикажува по сопствен формат.<br>Доколку во рамките на иста кредитна партија постојат побарувања изразени во различна валута или дел од кредитната партија е обезбеден со паричен депозит којшто ги исполнува условите за првокласен инструмент за обезбедување дефинирани со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик, тогаш се пријавува истиот број на кредитната партија со додавање на ознаката „/x“.<br>Пример 1, за главница во денари со девизна клаузула ќе се пријави „број на | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | кредитната партија/1", за провизијата во денари ќе се пријави „број на кредитната партија/2" итн.<br>Пример 2, за кредитна партија којашто делумно е обезбедена со паричен депозит, за делот обезбеден со паричниот депозит ќе се пријави „број на кредитната партија/1", а за необезбедениот дел од кредитната партија со паричен депозит ќе се пријави „број на кредитната партија/2" итн. | |
| 11-2 | брКПС | **Број на старите кредитни партии.**<br>Доколку при реструктурирањето, продолжувањето на рокот на достасување или промената на договорните услови, банката одобрува кредитна партија со нов број, во тој случај во ова поле се наведуваат броевите на кредитните партии коишто се опфатени со тоа реструктурирање, продолжување на рокот на достасување или промена на договорните услови (на пример: број на стара кредитна партија/број на стара кредитна партија/ број на стара кредитна партија итн.).<br><br>Ова поле се пополнува за сите кредитни партии кај кои е извршено реструктурирање во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик или продолжување на рокот на достасување, како и за кредитните партии кај кои се извршила промена на договорните услови во согласност со точката 58-б од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20, 116/20 и 83/22). | Да, за случаите предвидени во колоната 3. |
| 11-3 | ЗКПФ | **Зелени кредити и проектно финансирање.**<br>Ова поле се пополнува со ознаката:<br>ЗК – за кредитни партии коишто во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик имаат третман на зелени кредити;<br>ПФ – за кредитните партии одобрени на правни лица и други клиенти, коишто во согласност со регулативата на Народната | Да, за случаите предвидени во колоната 3. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | банка за методологијата за управување со кредитниот ризик имаат третман на „кредитна изложеност врз основа на финансирање проекти" или „проектно финансирање";<br>ЗКПФ – за кредитните партии на правни лица и други клиенти, коишто во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик имаат третман на зелен кредит и на „кредитна изложеност врз основа на финансирање проекти" или „проектно финансирање".<br>Ова поле не се пополнува доколку кредитната партија нема третман на зелен кредит и/или доколку не е одобрена за проектно финансирање. | |
| 12 | типКР | А – ануитетски;<br>Е – еднократен (се вклучуваат и изложеностите коишто произлегуваат од една кредитна партија, на пример: провизија);<br>К – кредитни картички и тековни сметки. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |
| 12-а | износА | **Износ на месечниот ануитет**. Се внесува износот на ануитетот на датумот на известувањето. Доколку ануитетот е определен со поинаква фреквенција, се сведува на месечна основа.<br>Ова поле се пополнува за сите кредитни изложености за кои полето 12 (типКР) е А. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |
| 12-б | датСкДОГ | **Датум на склучувањето на договорот.** Се внесува датумот на склучувањето на договорот за кредитната партија.<br>Ова поле не е задолжително доколку изложеноста се состои само од камата и/или од провизија. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 13 | дат1Одобр | **Датум на првиот излез на пари**.<br>Се внесува датумот на првиот излез на пари.<br>Ова поле не се пополнува доколку станува збор за изложеност кај која нема излез на пари (гаранција, акредитив), изложеност врз основа на дозволени пречекорувања, кредитни картички и слично.<br>Ова поле не се пополнува во случај на консолидација на повеќе кредитни партии.<br>Ова поле не се пополнува (празно) доколку изложеноста се состои само од камата и/или од провизија. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Ова поле не е задолжително доколку изложеноста се состои само од средства по видување и депозити преку ноќ кај банки. | |
| 13-а | датР/П/Ц/И | **Датум на реструктурирањето, продолжувањето на рокот на достасување, промената на договорните услови или датум на кој кредитната партија престанала да ги исполнува условите за рестуктурирана**. Се внесуваат датумот на реструктурирањето (датР), продолжувањето на рокот на достасување (датП), на промената на договорните услови (датЦ) или датумот на престанокот на исполнувањето на условите за реструктурирана кредитна изложеност (датИ).<br><br>Ова поле се пополнува за сите кредитни партии кај кои е извршено реструктурирање во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик или продолжување на рокот на достасување, како и за кредитните партии кај кои е извршена промена на договорните услови во согласност со точката 58-б од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20, 116/20 и 83/22). | Да, за случаите предвидени во колоната 3. |
| 13-б | датПРВ | **Датум на првото одобрување станбен кредит или друг кредит на физичко лице обезбеден со недвижност.**<br>Се внесува датумот на договорот врз основа на кој е извршено првото одобрување на изложеноста врз основа на станбениот кредит или друг кредит на физичко лице обезбеден со недвижност во согласност со регулативата на Народната банка за макропрудентните инструменти за квалитетот на кредитната побарувачка од физичките лица, пред каква било промена на договорните услови со која се продолжува рокот на достасување и пред рефинансирање од банката или од друга банка.<br>При продолжување на рокот, вклучително и консолидација на повеќе побарувања во | Да, за случаите предвидени во колоната 3. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | едно побарување доколку се продолжува рокот на достасување, како и при рефинансирање, во ова поле се внесува датумот на првичното одобрување на кредитот. Притоа, доколку се врши консолидација на повеќе изложености во една, се внесува датумот на првото одобрување на кредитот опфатен со консолидацијата кој бил одобрен најрано.<br>При рефинансирање, се внесува датумот на одобрување на првиот договор кај банката или друга банка. Доколку се направени повеќе од едно рефинансирање или рефинансирања од повеќе банки, се внесува датумот на првото одобрување пред каква било промена на договорните услови со која се продолжува рокот на достасување и пред рефинансирање кај банката или кај другата/другите банки.<br>За станбен кредит или друг кредит на физичко лице обезбеден со недвижност одобрени пред 1 јули 2023 година, во ова поле се внесува датумот 1 јули 2023. | |
| 14 | одобрКР | **Одобрен износ на изложеност** (кредит, гаранција, акредитив, рамковен кредит, кредитна картичка и слично) во согласност со договорот.<br>Ова поле не се пополнува во случај на консолидација на повеќе кредитни партии.<br>Ова поле не се пополнува доколку изложеноста се состои само од други побарувања и/или камата.<br>Ова поле не е задолжително доколку изложеноста се состои само од средства по видување и депозити преку ноќ кај банки. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 14-а | одобрР/П/Ц | **Одобрен износ при реструктурирањето (одобрР), продолжувањето на рокот на достасување (одобрП) или промената на договорните услови (одобрЦ).** Се внесува износот на кредитната партија на датумот на реструктурирањето, продолжувањето на рокот на достасување или промената на договорните услови.<br><br>Ова поле се пополнува за сите кредитни партии кај кои е извршено реструктурирање во согласност со | Да, за случаите предвидени во колоната 3. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик или продолжување на рокот на достасување, како и за кредитните партии кај кои е извршена промена на договорните услови во согласност со точката 58-б од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20, 116/20 и 83/22). | |
| 15 | датДостГлав | **Краен датум на достасувањето на изложеноста**. Се внесува крајниот датум на достасувањето на кредитната партија, во согласност со договорот.<br>За изложеноста врз основа на гаранции, акредитиви, кредитни картички, тековни сметки и слични производи, во оваа позиција се внесува рокот на важноста.<br>При ануитетска отплата, се внесува датумот на достасување на последниот ануитет.<br>Ова поле не се пополнува (празно) доколку изложеноста се состои само од камата и/или од провизија.<br>Ова поле не е задолжително, доколку изложеноста се состои само од средства по видување и депозити преку ноќ кај банки. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 15-а | датГлав | **Датум на првото достасување на главницата.** Се внесува датумот на достасувањето на првата обврска за плаќање на главницата (првиот ануитет или датумот на истекување на грејс-периодот).<br>Ова поле се пополнува за кредитните изложености одобрени од 1 декември 2014 година за кои полето 12 (типКР) е А или за кои е одобрено одложено плаќање на главницата. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 16 | редГлав (1) | **Редовна главница – недостасана**. Се внесува износот на недостасаната главница на крајот на периодот за кој се известува.<br>Се внесува бруто-износот, не земајќи го предвид износот на исправката на вредноста и на акумулираната амортизација. | Да |
| 17 | изДостГлав (2) | **Редовна главница – достасана**. Се внесува износот на достасаната главница, на крајот на периодот за кој се известува. | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Се внесува бруто-износот, не земајќи го предвид износот на исправката на вредноста и на акумулираната амортизација. | |
| 18 | редКам (3) | **Редовна камата**. Се внесува износот на каматата (редовна достасана и недостасана) на крајот на периодот за кој се известува. | Да |
| 19 | нефГлав (4) | **Нефункционална главница**. Се внесува износот на нефункционалната главница на крајот на периодот за кој се известува.<br>Се внесува бруто-износот, не земајќи го предвид износот на исправката на вредноста и на акумулираната амортизација. | Да |
| 20 | нефКам (5) | **Нефункционална камата**. Се внесува износот на нефункционалната камата на крајот на периодот за кој се известува. | Да |
| 21 | дрПобар (6) | **Други побарувања**. Се внесува износот на другите побарувања на крајот на периодот за кој се известува. | Да |
| 22 | вонСтав (7) | **Вонбилансни ставки**. Се внесува износот на вонбилансните позиции на крајот на периодот за кој се известува. | Да |
| 23 | вкИзлоз | **Вкупна изложеност**: Збир од износите во полињата 16, 17, 18, 19, 21 и 22. | Да |
| 24-1 | макДДГ/К/Д | **Максимален број денови на доцнење** на датумот на известување, и тоа:<br>(макДДГ) за главницата;<br>(макДДК) за каматата;<br>(макДДД) за другите побарувања. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |
| 24-а-1 | износДДГ/К/Д | **Износ** на кој се однесува максималниот број денови на доцнење на датумот на известување, и тоа:<br>(износ ДДГ) за главницата;<br>(износДДК) за каматата;<br>(износДДД) за другите побарувања. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05. |
| 24-2 | ПарКлиФЛ | **Ненаплатена кредитна изложеност на физичко лице.**<br>Во ова поле се внесува ознаката:<br>- ПКИФЛ – доколку утврдувањето на ненаплатената кредитна изложеност е на ниво на поединечна кредитна изложеност, во согласност со барањата од регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик за утврдување на ненаплатената кредитна изложеност на физички лица, или | Само за типот 02. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - КЛФЛ – доколку утврдувањето на ненаплатената кредитна изложеност е на ниво на клиент, во согласност со барањата од регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик за утврдување ненаплатена кредитна изложеност на физички лица. | |
| 24-3 | прагЗнач | **Праг на значајност.**<br>Се внесува износот на неплатените обврски доколку е надминат прагот на значајност дефиниран во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик на датумот на известување.<br><br>Ова поле се пополнува само доколку е надминат прагот на значајност. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |
| 24-4 | БДпрагЗнач | **Број на денови откако е надминат прагот на значајност.**<br>Се внесува бројот на последователните денови откако е надминат прагот на значајност (исполнување на апсолутната и релативната компонента) утврден во согласност со барањата од регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик на датумот на известување.<br><br>Ова поле се пополнува за сите кредитни изложености. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |
| 24-5 | немНаплата | **Неможност за наплата.**<br>Ова поле се пополнува за кредитните изложеност за кои банката оценува дали постои неможност за наплата од клиентот во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик. Во зависност од показателот со кој се врши оцената, во ова поле се внесува ознаката:<br>ПКИЗ – во случај на продажба на кредитна изложеност на клиентот со значителна загуба;<br>РКИЗП – во случај на реструктурирање на кредитната изложеност со значителна промена на договорните услови како резултат на што доаѓа до значително намалување на обврските на клиентот;<br>СП – во случај кога е поднесен предлог за отворање стечајна постапка, кога над | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | клиентот е отворена стечајна или друга слична постапка;<br>АО – кога банката го активирала обезбедувањето;<br>ИП – во случај банката да утврдила други интерни показатели за оценување на неможноста за наплата од клиентот.<br>За една кредитна партија може да се пријават повеќе ознаки. | |
| 24-б | КП | **Намирување на обврските** во месецот за кој се известува. Се внесува:<br>(КП1) доколку отплатите (делумно или целосно) ги врши жирантот;<br>(КП2) доколку отплатите (делумно или целосно) ги врши друго лице врз основа на склучен договор за пристапување кон долг;<br>(КП1и2) доколку отплатите (делумно или целосно) ги врши жирантот и друго лице врз основа на склучен договор за пристапување кон долг.<br>Во случај кога отплатите ги врши кокредитобарателот, како и во сите други случаи на намирување на обврските, ова поле не се пополнува.<br>Ознаката во ова поле ќе се ажурира секој месец и ќе се однесува на податоците за намирувањето на обврските во месецот за кој се известува. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучокот предвиден во колоната 3. |
| 25 | КС | **Каматна стапка**, односно процентот на номиналната каматна стапка (на годишно ниво), важечка на датумот за кој се доставуваат податоците, претставен со една децимала. Ова поле не се пополнува за вонбилансните ставки и за другите побарувања (0.0). | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 26 | типКС | **Тип на каматната стапка** според склучениот договор:<br>(Ф) фиксна каматна стапка, којашто е непроменлива;<br>(П) прилагодлива каматна стапка, којашто се менува според одлука на надлежен орган на банката;<br>(В) променлива каматна стапка, којашто се менува во зависност од движењата на одредена референтна каматна стапка.<br>Пополнувањето на ова поле не е задолжително доколку изложеноста се состои само од други побарувања, вонбилансни ставки или нефункционална камата. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 27-1 | Р/П/Ц/И | **Реструктурирање, продолжување на рокот на достасување, промена на договорните услови или излез од реструктурирани,** и тоа:<br>(Р) реструктурирање, во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик;<br>(И) кредитна партија којашто веќе не се смета за реструктурирана;<br>(П) продолжување на рокот на достасување, коешто не е резултат на реструктурирање на кредитната изложеност на клиентот;<br>(Ц) промена на договорните услови.<br><br>Ова поле не се пополнува доколку не е извршено реструктурирање во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик или продолжување на рокот на достасување, како и промена на договорните услови во согласност со точката 58-б од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20, 116/20 и 83/22). | Да, за случаите предвидени во колоната 3. |
| 27-2 | датИРНКИ | **Датум на исклучувањето од категоријата на реструктурирана нефункционална кредитна изложеност.**<br>Се внесува датумот кога биле исполнети условите за исклучување на кредитната изложеност од категоријата на реструктурирана нефункционална кредитна изложеност утврден во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик.<br><br>Ова поле се пополнува за сите реструктурирани нефункционални кредитни изложености коишто исполниле услови за исклучување од нефункционална кредитна изложеност.<br>За реструктурираните нефункционални кредитни изложености на 31 декември 2023 година (затекнати реструктурирани нефункционални кредитни изложености) ова поле се пополнува со последниот | Да, за случаите предвидени во колоната 3. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | датум кога таа изложеност станала нефункционална. | |
| 27-3 | РНКИ | **Реструктурирани нефункционални кредитни изложености.**<br>Ова поле се пополнува за реструктурираните нефункционални кредитни изложености коишто го добиле овој статус во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик. Се внесуваат следниве ознаки:<br>РНКИ58.1 – за кредитната изложеност којашто имала третман на нефункционална кредитна изложеност или би станала нефункционална кредитна изложеност доколку не било извршено реструктурирањето;<br>РНКИ58.2.1 – за реструктурираната кредитна изложеност кај која за време на пробниот период е извршено реструктурирање со значителна промена на договорните услови;<br>РНКИ58.2.2 – за реструктурираната кредитна изложеност кај која за време на пробниот период е исполнет кој било од показателите за неможност за наплата;<br>РНКИ58.2.3 – за реструктурираната кредитна изложеност кај која за време на пробниот период клиентот доцни повеќе од 60 дена;<br>РНКИ58.3 – за кредитната изложеност на која се врши реструктурирање со значителна промена на договорните услови;<br>РНКИ58.3дп – за кредитната изложеност на која се врши реструктурирање коешто исполнува некој од другите показатели за неможност за наплата.<br><br>Ова поле се пополнува за сите реструктурирани нефункционални кредитни изложености.<br>За една кредитна партија може да се пријават повеќе ознаки. | Да, за случаите предвидени во колоната 3. |
| 28 | брР/П/Ц | **Број на продолжувања на рокот на достасување/број на реструктурирања/број на промени на договорните услови.**<br>За ознаките Р/П/Ц се внесува бројот којшто се однесува на ознаката којашто е внесена во полето 27-1. | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Во ова поле се внесува 0 за типовите = 03, 04 и 05 и доколку не е извршено ниту едно реструктурирање во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик или продолжување на рокот на достасување, како и промена на договорните услови во согласност со точката 58-б од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20, 116/20 и 83/22) и доколку кредитната партија веќе не ги исполнува условите за рестуктурирана кредитна изложеност. | |
| 29-1 | новДатДост | **Нов датум на достасувањето** на изложеноста во согласност со правилата за полето 15 (датДостГлав). Овој податок се внесува само доколку е променет датумот на достасувањето на кредитната изложеност (во спротивно, ова поле останува празно).<br>Ова поле се пополнува за сите кредитни партии кај кои е извршено реструктурирање во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик или продолжување на рокот на достасување, како и за кредитните партии кај кои се извршила промена на договорните услови во согласност со точката 58-б од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20, 116/20 и 83/22). | Да, само во случај кога е пополнето полето 27-1. |
| 30 | процентИсправПосебРез | **Процент на извршената исправка на вредноста и издвоената посебна резерва**. Се внесува децимален број од 0 до 100 со 1 децимално место. | Да |
| 31 | изИсправПосебРез | **Износ на исправката на вредноста и посебната резерва**. | Да |
| 31-а | видИсправПосебРез | **Вид на исправката на вредноста/посебната резерва**<br>Г – за исправка на вредноста/посебна резерва, односно очекувана кредитна загуба на групна основа за портфолио на кредити; | Да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | П – за исправка на вредноста/посебна резерва, односно очекувана кредитна загуба на поединечна основа. | |
| 32 | вал | **Валута** од шифрарникот на Народната банка за валути. Се внесува валутата во која е одобрен кредитот. | Да |
| 33 | валТипКр | **Валута** од шифрарникот на Народната банка за валути. Преку комбинација на вредностите од ова поле и од полето број 32, се одредува валутната структура на изложеноста (денари, девизи или денари со девизна клаузула). | Да |
| 33-а | намДев | **Намена на кредитот во девизи.**<br>При пополнувањето на оваа колона се користат шифрите:<br>ПС – кредит во девизи за плаќање во странство;<br>ПЗ – кредит во девизи за плаќање во земјата.<br>Ова поле се пополнува за склучените кредитни работи во девизи со резиденти во согласност со подзаконската регулатива на Народната банка за условите и начинот под кои резидентите можат да склучуваат кредитни работи во девизи и да вршат плаќања врз основа на тие кредитни работи. | Само за склучени кредитни работи во девизи со резиденти. |
| 34 | намена | **Намена** на кредитната партија одобрена на физичко лице и трговец на мало (во согласност со прилозите бр. 2 и 3 од ова упатство). | Да, само за типовите = 02, 03, 05 и 09. |
| 34-а | НаменаП | **Намена на кредитната партија** одобрена на правно лице, трговец на мало, банка, небанкарска финансиска институција и друг клиент. Се внесува намената којашто преовладува во согласност со прилогот бр. 8 од ова упатство. | Да, за типовите = 01, 06, 07, 08 и 09. |
| 34-1 | НОВА | **Нова кредитна изложеност.**<br>Ова поле се пополнува за кредитните партии одобрени на физичките лица за кои во согласност со регулативата на Народната банка за макропрудентните инструменти за квалитетот на кредитната побарувачка од физичките лица банката е должна да ги утврдува показателите ДСТИ, ТДТИ и ЛТВ, и тоа со ознаката:<br>Б1 – за воспоставување нова кредитна изложеност по датумот на примена на оваа регулатива;<br>Б2 – за промена на договорните услови на постојна кредитна изложеност доколку се | Да, само за типот 02 и за случаите предвидени во колона 3. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | одобрува дополнителен износ на кредит по датумот на примена на оваа регулатива и доколку е направено скратување на договорниот рок при што се зголемила вкупната месечна обврска;<br>Б3 – за замена на недвижноста над која е воспоставен залогот по датумот на примена на оваа регулатива.<br>Доколку истовремено се исполнети условите за внесување на ознаките Б1 и Б2, банката ја внесува ознаката Б2.<br>Доколку истовремено се исполнети условите за внесување на ознаките Б2 и Б3, банката ја внесува ознаката Б2. | |
| 34-2 | ДСТИ | **Показател ДСТИ**.<br>Ова поле се пополнува само за кредитните партии одобрени на физичките лица за кои во согласност со регулативата на Народната банка за макропрудентните инструменти за квалитетот на кредитната побарувачка од физичките лица банката е должна да го утврдува показателот ДСТИ. Показателот се внесува како процент, претставен со една децимала. | Да, само за типот 02 и за случаите предвидени во колоната 3 и кога е пополнето полето 34-1 со Б1 или Б2. |
| 34-3 | ТДТИ | **Показател ТДТИ**.<br>Ова поле се пополнува само за кредитните партии одобрени на физичките лица, за кои во согласност со регулативата на Народната банка за макропрудентните инструменти за квалитетот на кредитната побарувачка од физичките лица банката е должна да го утврдува показателот ТДТИ. Показателот се внесува како децимален број, претставен со една децимала. | Да, само за типот 02 и за случаите предвидени во колоната 3 и кога е пополнето полето 34-2. |
| 34-4 | датДСТИТДТИ | **Датум на пресметката на показателите ДСТИ и ТДТИ.** Се внесува датумот на пресметката на показателите ДСТИ и ТДТИ прикажани во полињата 34-2 и 34-3 од овој прилог. | Да, само во случај кога се пополнети полињата 34-2 и 34-3. |
| 34-5 | ЛТВ | **Показател ЛТВ**.<br>Ова поле се пополнува само за кредитните партии одобрени на физичките лица за кои, во согласност со регулативата на Народната банка за макропрудентните инструменти за квалитетот на кредитната побарувачка од физичките лица, банката е должна да го утврдува показателот ЛТВ, односно за кредитните партии коишто се целосно или делумно обезбедени со обезбедување според шифрите 006, 007, 008, 009, 010 или 011, во согласност со | Да, само за тип 02 и за случаите предвидени во колона 3 и кога е пополнето полето 34-1. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | прилогот бр. 4 – Шифри за видот на обезбедувањето од ова упатство.<br><br>Показателот се внесува како процент, претставен со една децимала. | |
| 34-6 | датЛТВ | **Датум на пресметката на показателот ЛТВ.** Се внесува датумот на пресметката на показателот ЛТВ прикажан во полето 34-5 од овој прилог. | Да, само во случај кога полето 34-5 е пополнето. |
| 35 | видОбезб | **Вид на обезбедувањето** (согласно со прилогот бр. 4 – Шифри за видот на обезбедувањето од ова упатство).<br>За една кредитна партија може да се пријават повеќе обезбедувања. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |
| 35-а | редОбезб | **Ред на обезбедувањето** (прв – се внесува 1, втор – се внесува 2).<br>Ова поле не е задолжително за шифрите на обезбедување од 001 до 005 и од 014 до 017. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 36 | изОбезб | **Износ на обезбедувањето**. Ако еден ист предмет се користи како обезбедување за повеќе кредитни партии, тогаш се наведува вредноста на обезбедувањето (делот) што се однесува на конкретната кредитна партија.<br>Ако за обезбедување една иста кредитна партија се користат повеќе видови обезбедување, се наведува вредноста на секој вид обезбедување за кој е внесен податок во полето 35 од овој прилог.<br>Во случај кога видот на обезбедувањето за кредитната изложеност, во согласност со прилогот бр. 4 – Шифри за видот на обезбедувањето од ова упатство, има шифра 014, 015 и 017, се внесува 0. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05 и за случаите предвидени во колоната 3. |
| 36-а | опОбезб | **Општина во која се наоѓа обезбедувањето**.<br>Ова поле се пополнува со шифри за општината во која се наоѓа обезбедувањето во согласност со прилогот бр. 5 – Шифри за населеното место (општината) од ова упатство, и тоа само за кредитните партии коишто се целосно или делумно обезбедени со обезбедување според шифрите 006, 007, 008, 009, 010 или 011, во согласност со прилогот бр. 4 – Шифри за видот на обезбедувањето од ова упатство. | Да, освен за типовите = 03, 04, 05 и за случаите предвидени во колоната 3. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | За кредитната партија за која има пријавено повеќе обезбедувања соодветно се пријавува општината во која се наоѓа секое од обезбедувањата.<br>За кредитната партија за која има пријавено обезбедување коешто се наоѓа во странска држава се пријавува соодветниот код на државата (2 знака). | |
| 37 | код3 | Матичен број/ЕМБГ на правното/физичкото лице **(жирант/кокредитобарател)**.<br>Доколку нема жирант/кокредитобарател, во ова поле се внесува: -1. | Да, освен за типовите = 03, 04 и 05. |
| 37-а | данбр3 | Даночен број на жирантот/кокредитобарателот. | Да, освен ако код3 = -1. |
| 38 | назив3 | Назив на жирантот/кокредитобарателот. | Да, освен ако код3 = -1. |
| 39 | име3 | Име на жирантот/кокредитобарателот. | Да, освен ако код3 = -1. |
| 40 | презиме3 | Презиме на жирантот/кокредитобарателот. | Да, освен ако код3 = -1. |
| 40-а | тип | З – жирант<br>К – кокредитобарател<br>Се однесува на податоците од полето бр. 37, 37-а, 38, 39 и 40. | Да, освен ако код3 = -1. |
| 41-1 | усогласена ДП | **Усогласена девизна позиција** на клиентот. При пополнувањето на оваа колона се користат шифрите:<br>Д1 – нето-извозници;<br>Д2 – правни лица кај кои цената на најзастапениот производ зависи од движењата на цената на тој производ на светските берзи;<br>Д – останати правни лица и физички лица со усогласена девизна позиција;<br>Н – правни и физички лица со неусогласена девизна позиција.<br>Кога одреден клиент ги исполнува условите за нето-извозник и истовремено, цената на неговиот најзастапен производ зависи од движењата на цената на тој производ на светските берзи, банката ја внесува ознаката Д1. | Да, освен за нерезиденти, типовите = 03, 04, 05, 06 и 07 и за исклучоците за следење на (не)усогласеноста на девизната позиција на клиентот пропишани во регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик. |
| 46 | ГлавницаОП (3) | Состојба на **отпишаната главница** на крајот на месецот.<br>Не се внесуваат износи на поединечно незначителни кредитни изложености, во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик. | Да, освен за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 47 | КаматаОП (4) | Состојба на **отпишаната камата** на крајот на месецот. | Да, освен за исклучоците |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Не се внесуваат износи на поединечно незначителни кредитни изложености, во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик. | предвидени во колоната 3. |
| 48 | дрПобарО П (5) | Состојба на **другите отпишани побарувања и на вонбилансните отпишани побарувања** на крајот на месецот.<br>Не се внесуваат износите на поединечно незначителните кредитни изложености, во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за управување со кредитниот ризик. | Да, освен за исклучоците предвидени во колоната 3. |
| 49 | вкИзлозен остОП | **Вкупна отпишана изложеност**: збир од износите од полињата 46, 47 и 48. | Да |
| 50 | називСерт | **Назив на сертификатот којшто ќе се прифаќа за внесување податоци** | Да |
| 51 | тел | **Телефон за контакт** | Да |
| 52 | е-пошта | **Електронска пошта за контакт** | Да |

**Прилог бр. 8**

Шифри за намената на кредитите на правните лица, трговците на мало, банките, небанкарските финансиски институции и другите клиенти

| **код** | **Намена** |
|---|---|
| F4B-1 | Кредити за купување, изградба и реновирање станбен простор |
| F4B-2 | Кредити за купување, изградба и реновирање деловен простор |
| F4C-52 | Кредити за купување други недвижности |
| F4C-53 | Кредити за купување опрема |
| F4C-54 | Кредити за други основни средства |
| F4C-2 | Кредити за обртни средства |
| F4C-55 | Кредити за финансирање извоз |
| F4C-56 | Кредити за финансирање увоз |
| F4C-57 | Кредити врз основа на издадени кредитни картички |
| F4C-58 | Пречекорувања на платежни сметки |
| F4C-1 | Други кредити |